ЗДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ, ЕДУКАЦИЈА И ЕКОЛОШКА ЕТИКА – ПОЛИМАТ 13
ASSOCIATION FOR DEVELOPMENT, EDUCATION AND ECOLOGICAL ETHICS –POLYMATH 13
ул. „Маршал Тито“ бр.64, 1484 Богданци

ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2024 ГОДИНА

По повод 22 април Денот на планетата Земја претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање од секторот природа заедно со претставници од Институтот по биологија при Природно-математичкиот факултет, Македонското еколошко друштво, Истражувачко друштво на студенти биолози и студенти по биологија во вторникот беа во посета на Значајното растително подрачје „Богданци“. Оваа посета е иницијатива на професорот Митко Караделев како можност за продлабочување на соработката помеѓу ПОЛИМАТ 13 и овие институции и организации во насока на афирмација на подрачјето и растението *Astragalus physocalyx*, како и подигнување на статусот на заштита како заштитено подрачје на национално ниво.

И покрај лошите временски услови сепак успешно ја реализиравме прошетката до локалитет каде што вирее растението *Astragalus physocalyx*. Ова растение чие македонско име е меурест козинец е повеќегодишно растение и најчесто се сретнува во групи од повеќе единки. Цвета во рана пролет во периодот од април – јуни. Цветовите на Меурестиот козинец се со бледорозова боја, а неговиот плод како и на сите претставници на фамилијата Fabacae е мешунка.





Во саботата на 1ви јуни по вторпат се одржа Ден на Астрагалусот, ден на кој преубавиот парк во Богданци беше исполнет со детски џагор, многу насмевки и музика. Цртавме за природата, редевме сложувалки и се натпреварувавме со квизови на тема диви растенија и заштита на природа.

Настанот беше во организација на ПОЛИМАТ 13, но беа вклучени поединци, институции и приватни компании кои имаа свој придонес во реализацијата на настанот, а најважната алка беа учесниците во ликовната работилница и во натпреварувачкиот дел кои оваа година ги имаше во уште поголем број.

Во забавниот дел учениците од ООУ „Ристо Шуклев“ Негорци ни прикажаа модна ревија на која беше претставен и костимот за кој како инспирација послужи нашиот Астрагалус, а тука беше и фустанот изработен од реупотребени материјали од учениците од СОУ „Богданци“. Програмата беше збогатена со играта на младите со модерен балет.




На 23 септември, со почеток во 20:00 часот во кафе-книжарницата „Буква“ во Скопје се одржа самостојна изложба на младата уметница Елизавета Матјушенко - „Црвен цвет”. Во фокусот на изложбата бешее нашиот *Astragalus physocalyx* кој претставува инспирација за млади уметници кои имаат интерес и страст за заштита на македонскиот биодиверзитет.




Од 13 до 15 ноември, во Тирана, Албанија, претставник на ПОЛИМАТ 13 учествуваше на обуката за следење на финансирањето на климатските промени од страна на GRB за граѓански организации. Во текот на три дена, учесниците ги истражуваа критичните преклопувања на климатските промени, финансиите и родовата еднаквост.

Клучни моменти од обуката опфаќаа:

Активни дискусии за родовите влијанија на климатските промени и патот кон инклузивно дејствување;

Детално учење за глобалните механизми за финансирање на климатските промени, како што е Зелениот климатски фонд;

Практични алатки за родово одговорно следење и застапување во финансирањето на климатските промени;

Зајакната соработка меѓу граѓанските организации за одржливи и правични решенија.





На 29 и 30 ноември се одржа годишната средба на организации кои работат на заштита на животната средина и организации членки на коалицијата за клима. ПОЛИМАТ 13 зема активно учество на овие средби секоја година. Присутните ја истакнаа важноста од транспарентно креирање политики и ефективна комуникација и координација со релевантните ресорни министерства и институции на национално и локално ниво. Тие разговараа за потребата од внимателно планирање за постепено исфрлање на фосилните горива, бидејќи ова прашање влијае на сите области на општеството. Дополнително, се разговараше за зајакнување на локалните заедници и граѓанските организации како средство за унапредување на одлучувањето и подобрување на имплементацијата на мерките на локално ниво.



2024 година ја завршивме со една убава активност која ја реализиравме со учениците од 9то одделение од основното Училиште Петар Мусев Богданци во соработка со наставничката Фиданка Енџекчева.

Преку реупотреба на пластични шишиња, стари моливи и боички учениците направија хранилки за птици. Во текот на зимските месеци птиците се соочуваат со недостиг на храна. Училиштето е опкружено со дрвја каде беа поставени некои од хранилките, а некои беа поставени на прозорците од училниците.

Просо, семе од сончоглед, тиква... Толку малку е потребно за да овие мали души успеат да ја поминат зимата и ги дочекаат потоплите денови и изобилство на храна.





Реализирани проекти во 2024

Одржливо управување со електроски отпад – сервис за поправка и правилно одлагање на ОЕЕО во општините Богданци и Дојран

Во рамки на проектот „Одржливо управување со електроски отпад – сервис за поправка и правилно одлагање на ОЕЕО во општините Богданци и Дојран“ во месец март се одржа завршен настан. На овој настан четворицата волонтери кои следеа обуки за дијагностика и поправка на електронски и електрични апарати од искусен ментор мајстор, имаа можност да го покажат своето знаење во градскиот парк и на своите сограѓани да им поправат мали апарати. Настанот беше дел од кампањата за одлагање на електронски и електричен отпад во магацинот предвиден за одлагање на таков вид на отпад, како мерка за заштита на животната средина и спречување на одлагање на вакви апарати на депонија. Настанот и проектот се спроведоа со финансиска поддршка на Програмата за мали грантови на Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ ПМГ).





Поддршка за зголемување на мрежата на заштитени подрачја во клучната област за биодиверзитет Река Вардар во Северна Македонија

Во месец мај ПОЛИМАТ 13 започна со спроведување на овој проект со финансиска поддршка на Фондот за критични екосистеми CEPF (Critical Ecosystem Partnership Fund).

Една од првите активности кои се реализираа беше учеството на Николета Георгиевска на Меѓународен симпозиум на студенти биолози кој се одржа во Загреб на 25 и 26 мај. Таа учествуваше со презентација на абстрактот „Мониторинг на ендемичното растение Astragalus

physocalyx во Значајното растително подрачје Богданци“. Николета минатата година беше дел од тимот студенти кои учествуваа и ги надградуваа своите знаења за мониторинг на Astragalus physocalyx во Значајното растително подрачје „Богданци“ организиран од ПОЛИМАТ 13. Со учество на овој симпозиум оваа млада студентка имаше можност да ги прошири своите знаења и идеи од областа на биологијата и нејзините гранки и дисциплини.





На 5ти јули се одржа обука за начините како се управува со заштитено подрачје и кои се предностите и можностите за развој на една мала средина како Богданци Присутни беа претставници од ралични сектори од нашата општина кои активно се вклучија со свои размислувања и сугестии во насока на унапредување на состојбите поврзани со биодиверзитетот и природните вредности кои ги има на територијата на општина Богданци.



